

Број 5
ноември-декември 2005

# БИЛТЕН
## за меѓурелигиска соработка

Buletin për bashkëpunim ndërreligjioz • Bilteno baš-o maškar konfesionalnikano jekhetano butikeripe • Dinlerası işbirliği bəlteni
Билтен за међурелигиску сарадњу • Simirida ti colaboratsii anamisa tuti religii
Bilten za međureligisku saradnju • Bulletin for inter-religious cooperation

# ПРОГРАМА МЕЃУРЕЛИГИСКА СОРАБОТКА ВО МАКЕДОНИЈА

**Остварената соработка и позитивните искуства во поглед на Меѓуверскиот дијалог од програмата од минатата година беа поттик за формулација на нова тригодишна програма - Меѓурелигиска соработка во Македонија (МСМ).**

Управувачката група на програмата којашто е составена од претставници од петте верски заедници, деканите од двата теолошки факултети, како и по еден претставник од НЦА, ДЦА и МЦМС ја оценија програмата како успешна и позитивна. На работилницата којашто се одржа на 28.02.2005 година тие дискутираа за продолжување на програмата Меѓурелигиска соработка во Македонија, како и за потребата претставниците на верските заедници сами да учествуваат во креирањето на новата тригодишна програма.

Со цел да се вклучат сите засегнати страни во процесот на формулацијата (студентите, професорите и претставниците од верските заедници) беше предложена и спроведена следната методологија:

- две работилници на теолошките факултети;
- работилница со претставници од петте верските заедници;
- заедничка седница на Управувачката група и на Издавачкиот совет.

МЦМС логистички го поддржа, организира и фацилитира процесот. Сепак, заради потребата од произлегување на концептот за соработка од самите претставници на верските заедници и студентите на теолошките факултети, МЦМС не учествуваше содржински во процесот на формулацијата.

Првата фаза во процесот на формулација на новата програма започна во април 2005 година. Беа реализирани две работилници на теолошките факултети. Цел на работилниците беше студентите/професорите од теолошките факултети да придонесат во креирањето на новата тригодишна програма, Меѓурелигиска соработка во Македонија (МСМ).

Студентите активно учествуваа во дискусијата на тој начин што даваа коментари за секоја спроведена активност од минатата година, појаснувајќи ги силните и слабите страни. По дискусијата, од нив беше побарано да означат десет активности коишто би сакале да бидат вклучени тие со новата програма. Она што можеше да се забележи од оценувањето е дека студентите покажаа поглоем интерес за активностите во коишто биле директно вклучени (предавања и посети на теолошки училишта, посети на верски објекти, обуки за основни вештини, летен камп, студиски посети, семинари, обука за стратешко планирање, билтен), додека пак за другите активности во коишто не биле директно вклучени (адресар, компаративни студии, календари и денови на в.з.) постоеше помал интерес.

Покрај сегашните активности, од студентите беше побарано да дадат свои предлози и идеи коишто би се вклучиле во новата програма. Идеите на студентите беа повеќебројни, но како најспецифични би можеле да се издвојат следните: вклучување хуманитарни активности во програмата, меѓусебно дружење, зимски кампови, реновирање на библиотека, стипендии, компјутерски кабинети, спортски активности, издавање книги итн.

На 13.04.2005 година се одржа работилница со претставниците на петте верски заедници (претставниците на Издавачкиот совет на програмата), кои дискутираа за потребите и идеите на студентите, а наедно и ги разгледаа и дадените предлози произлезени од двете работилници.

Финалната работилница се одржа на 28.06.2005 година. На работилницата учествуваа претставниците на Управувачката група и на Издавачкиот совет. Работилницата беше фацилитирана од претставник од МЦМС, но заради потребата од произлегување на програмата од самите претставници на верските заедници, МЦМС не учествуваше суштински во дискусијата. Претставниците на Управувачката група и на Издавачкиот совет ги зедоа предвид и предлозите од студентите кои произлегоа од двете претходни работилници. На оваа работилница беа дефинирани целите, целните групи, како и активностите на програмата.

Како резултат од работилницата произлезе тригодишна нацрт-програма, која беше доставена до МЦМС за одобрување. МЦМС, врз основа на тоа, ја комплетира формулацијата на новата програма, во согласност со принципите и политиката, како и во согласност со можностите за поддршка од досегашните партнери НЦА и ДЦА. По одобрувањето на програмата од Управниот одбор на МЦМС, се одобрија вкупно 7 проекти.

## За билтенот...

Согледувајќи ја потребата за поинтензивна комуникација и соработка на црквите и верските заедници во Република Македонија и информирање на пошироката јавност за нивните активности, поттикнат од иницијативите во самите верски заедници, МЦМС ја изготви и ја спроведува програмата Меѓурелигиска соработка во Македонија.

Издавањето на билтенот за меѓурелигиска соработка, како дел од таа програма, е со цел да се подобри информираноста за активностите на црквите и верските заедници во Македонија, особено активностите за меѓусебна соработка. Темите кои се опфатени во овој билтен се однесуваат на актуелни настани и активности на теолошките факултети (Богословскиот факултет и Факултетот за исламски науки), содржини за актуелните настани на црквите и верските заедници и други информации кои ќе бидат интересни како за членовите на црквите и верските заедници, така и за пошироката јавност.

страна 2 Меѓуверски дијалог
страна 3 Меѓуверски дијалог
страна 4 Активности на теолошките факултети
страна 5 Активности на теолошките факултети
страна 6 Католичка црква Евангеслко методистичка црква
страна 7 Евангелско методистичка црква Еврејска верска заедница
страна 8 ИНФО

# МЕЃУВЕРСКИ ДИЈАЛОГ ВО ДРУГИТЕ ЗЕМЈИ

**Ниедна форма на соработка нема поголем потенцијал да ги подобри условите за живеење во светот од соработката помеѓу религиските заедници, бидејќи од 6 милијарди луѓе на земјината топка, 5 милијарди се идентификуваат како религиозни**

Светската конференција на религиите за мир ВЦРП (WCRP) е невладина организација којашто ја промовира меѓурелигиската соработка. ВЦРП има советодавен статус при економските и општествените совети ЕКОСОК (ECOSOC) на Обединетите нации, како и при Одделот за јавно информирање ДПИ (DPI). Основана е во 1970 година во Кјото, Јапонија, и претставува најголема светска коалиција на претставници од религиозните заедници кои работат заеднички за да ги разрешат критичните проблеми, како на пример: трансформација на конфликти, човекови права и одговорности, програма за деца, разоружување и сигурност и образование од областа на мирот.



Учесниците на Првата историска конференција којашто се случила во Кјото, Јапонија, во 1974 година, ја сфатиле колективната моќ на соединувањето за унапредување на мирот и влијание врз општествените промени, па затоа оттогаш лидерите од целиот свет се собираат секоја петта година на Светската конференција на Религиите за мир за да ги разменат своите искуства и да пронајдат нови начини за унапредување на мирот. Од првиот светски собир, Религиите за мир одржале светски собири на сите 5 континенти, од кои последната (седма) во Аман, Јордан, 1999 година.

Во текот на Шестата конференција на Религиите за мир одржана во Рим, Италија, во 1994 година, каде илјада учесници го дале својот придонес на темата "Лекување на светот: религиите за мир", учесниците биле почестени со присуството на папата Јован Павле II, кој дошол да ја потврди неговата улога во мултирелигиската соработка за мир.

Од 26 до 29 август 2006 година во Кјото, Јапонија, ќе се одржи Осмата конференција на Религиите за мир под наслов "Соочување со насилството и унапредување на заедничката безбедност". Оваа конференција се очекува да ја подобри меѓурелигиската соработка со собирање повеќе од 500 верски лидери, 150 жени вернички од целиот свет, претставници на влади, агенции за развој и граѓанското општество.

Осмата меѓурелигиска конференција ќе ја промовира конструктивната улога на религиските заедници во разрешување на конфликтите, градење на мирот и поттикнување на развојот.

Конфликтите, религискиот екстремизам, зголеменото присуство на оружје, неможноста да се заштитат и да се одгледуваат нашите деца, еколошко загадување..., овие се само неколку нови форми на модерното насилство. Со признавањето на овие форми на насилство и на кој начин тие влијаат на нашето општество, се јавува потреба за заедничка потрага по решение за проблемите. Затоа преку мултирелигиската соработка, религиските заедници и верските лидери посветуваат голем дел од своите напори во зголемување на влијанието на заедничката безбедност. Ниедна форма на соработка нема поголем потенцијал да ги подобри условите за живеење во светот од соработката помеѓу религиските заедници, бидејќи од 6 милијарди луѓе на земјината топка, 5 милијарди се идентификуваат како религиозни.

Учесниците на Осмата конференција на Религиите за мир ќе обработуваат теми поврзани за напредокот на заедничката безбедност преку: 1. Трансформација на конфликтите; 2. Градење на мирот, и 3. Поттикнување на развојот. Во пленарните сесии религиските лидери од блиските регионални и национални меѓурелигиски совети ќе ги разменат своите искуства и ќе развијат акциски програми за наредните 5 години. Собирот е исто така наменет да поттикне акциски ориентирано глобално партнерство помеѓу религиските заедници и интервладините организации и граѓанското општество.

Од 1995 година ВЦРП има посебна програма за трансформација на конфликтите во југоисточна Европа, така што во 1996 година Религиите за мир основаа канцеларија во Сараево за да ги поддржи постоечките регионални напори и има голем придонес во:

- формирањето на меѓурелигискиот совет во Босна и Херцеговина во 1997 година;
- 1999 година Меѓурелигискиот совет на Босна и Херцеговина основа работна група на правни експерти.

Истата година косовските верски лидери се обединуваат во работен комитет и учествуваат на форумот на верските лидери на југоисточна Европа.

- 2000 година е формиран меѓуверскиот совет на Косово. Албанските верски лидери се обединуваат во работен комитет, се одржува Првиот форум на европскиот совет на религиските лидери ЕЦРЛ (ECRL) во Осло.
- 2002 година Меѓуверскиот совет на Босна и Херцеговина основа работна група за едукација и работна група на жените вернички.
- 2003 година Меѓурелигискиот совет на Косово основа единица на жените вернички и прва косовска меѓурелигиска, младинска асоцијација.

Меѓурелигискиот совет на Босна и Херцеговина се сретнува со папата Јован Павле II во Бања Лука и основа младинска работна група.

Законот за слобода на вероисповеста и правната позиција на црквите и верските заедници во Босна и Херцеговина, предложен од работната група на правните експерти, официјално е усвоен.

Вториот форум на ЕЦРЛ е одржан во Сараево.

Религиите за мир, женската програма го одбележува основањето на мрежата на жените вернички од југоисточна Европа.

- 2004 година делегација на ЕЦРЛ/Религиите за мир патува за Белград и за Косово за да помогне во намалување на тензиите помеѓу српската и албанската заедница.

Програмата за жени ја проширува својата мрежа, вклучувајќи жени вернички од Босна, од Србија и Црна Гора и Косово и од Македонија.

Религиските лидери од регионот учествуваат на форумот на европскиот совет на религиски лидери.

- 2005 година мрежата на жени објавува мултирелигиска книга на верските традиции и регионалните култури.

Религиските лидери на Албанија ја потпишуваат изјавата за заедничка морална определба и се обврзуваат да го промовираат граѓанското општество, меѓуверската толеранција и слободата на вероисповест.

Од 16 до 19 ноември 2005 година во Тирана се одржа меѓурелигиска конференција за југоисточна Европа на којашто учествуваа верските лидери и претставнички од мрежата на жените вернички од Босна, од Србија и




Црна Гора и Косово, од Албанија и од Македонија. На конференцијата се дискутираше на следниве теми: Религијата и државата; Религијата и надминување на конфликтите; Религијата и образованието; и Улогата на жената верничка во граѓанското општество.

**Подготвила: Анета Јовковска**

# УЛОГАТА НА МЕЃУВЕРСКИТЕ СОВЕТИ

ВЦРП има триесетина национални канцеларии и повеќе од 60 претставници во различни земји од светот. Зајакната со своето партнерство од страна на институциите на граѓанското општество, како и со акредитација од Обединетите нации, обезбедува важна основа за локални, национални, регионални и глобални мировни активности. Низ нејзините работни релации со постоечките структури на религиозните заедници, ВЦРП развива ефикасни механизми за меѓурелигиска соработка. Ја базира својата работа на принципот на колаборативна религиска акција којашто е особено ефикасен метод за градење на мирот.

Во изминатите три децении Религиите за мир прераснаа во мултирелигиозно движење низ целиот свет. Со преку 50 меѓурелигиски совети во земјите на секој континент, Религиите за мир се оформија како најголема меѓународна коалиција на претставници од сите светски коалиции. Меѓурелигискиот совет го сочинуваат верските лидери, претставници на сите важни верски традиции во земјата. Претседателот на меѓурелигискиот совет се менува секоја година од една во друга заедница.

Работата на меѓурелигискиот совет се заснова врз постоењето и активното дејствување на пет групи: правна експертска група, група за медиуми, група за образование, група за жени и група за млади. Нивното дејствување се чувствува во земјата преку радиоемисии, објавување разни публикации, организирање округли маси и семинари на тема градење на



мирот, меѓурелигиска соработка, простување, помирување, раснење на толеранцијата, намалување на предрасудите за заеднички соживот.

Структурата на Меѓурелигискиот совет се состои од три нивоа:

1. Највисокото ниво се состои од верските поглавари кои се состануваат еднаш годишно или по потреба.

2. На второто ниво се блиските соработници на верските поглавари, кои се нарекуваат Работна група на Меѓурелигискиот совет и се состануваат еднаш месечно или по потреба и во координација со постојаната работна група одлучуваат за административните и проектни активности на Меѓурелигискиот совет.

3. Постојаното работно тело егзистира во просториите на Меѓурелигискиот совет и работи на координација и реализација на програмата.

Меѓурелигискиот совет во секоја земја е самостојна невладина организација составена од вработени кои работат во име на сите верски заедници и со благослов од своите верски лидери и претставуваат координатори и реализатори на програмата на Меѓурелигискиот совет.

**Подготвила: Анета Јовковска**

# МРЕЖА НА ЖЕНИТЕ ВЕРНИЧКИ НА ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА

**Претставнички на жените вернички од Југоисточна Европа од Македонија, од Косово, од Албанија, од Босна и од Србија и Црна Гора учествуваа и на Меѓурелигиската конференција на верските лидери за југоисточна Европа - „За унапредување на мирот и стабилноста преку регионална соработка", која се одржа од 16 до 19 ноември 2005 година во Тирана.**

Програмата за жени при Светската конференција на религиите за мир е формирана во 1998 година со цел да се промовира улогата на жената верничка во меѓународната заедница. Оваа програма за мобилизација на жената ја промовира улогата на жената верничка во меѓународниот развој, креирањето на мирот и постконфликтната обнова. Две најважни цели на оваа програма се матично насочување на жените вернички во сите програми и активности на Религиите за мир, како и осигурување дека грижата и перспективата на жената ќе биде инкорпорирана во севкупното планирање, применување и вреднување.

Во 2001 година Програмата за жени при Светската конференција на религиите за мир за прв пат основа глобална мрежа – Организација на религиозните жени, во која се вклучени повеќе од 700 организации на жени вернички со муслиманска, со христијанска, со еврејска, со будистичка, со хиндуска, со сикиска и со зороастриска вероисповест. Некои организации од мрежата имаат повеќе од 5.000 членови, а некои помалку од пет.

Во 2003 година мобилизацијата на жени покренува четири регионални подмрежи на жени вернички во: Латинска Америка и Карибите; Југоисточна Европа; Јужна и Југоисточна Азија и Западна Африка, со цел да се прошират постоечките активности на Глобалната мрежа на жените вернички. Форумот Религиите за мир помогна во создавањето на овие подмрежи со цел да се постигне севкупниот стремеж до јакнење на регионалната меѓурелигиска структура.

Во мрежата за југоисточна Европа се вклучени жени вернички од православна, од католичка, од исламска и од еврејска вероисповест од Босна и Херцеговина, од Србија и Црна Гора и Косово, од Македонија и од Албанија.

Мрежата им помага на жените вернички од овие земји да бидат во врска и да учат една од друга, исто така мрежата служи и за проширување на нивните детални контакти и информации со важни меѓународни агенции со цел да се олесни пристапот до средствата.

Претставнички на жените вернички од Југоисточна Европа од Македонија, од Косово, од Албанија, од Босна и од Србија и Црна Гора учествуваа и на Меѓурелигиската конференција на верските лидери за југоисточна Европа - "За унапредување на мирот и стабилноста преку регионална соработка", која се одржа од 16 до 19 ноември 2005 година во Тирана. Од точките коишто се поставени во Коминикето што се донесе на оваа конференција се и следниве коишто се однесуваат на жената верничка:

- Ја препознаваме потребата и особениот придонес, како и влијанието на жените во нашите верски заедници;
- Го поддржуваме развојот на мрежата на жените вернички од југоисточна Европа ВОФН (WOFN) и се обврзуваме да работиме на промовирањето на улогата на жените во нашите заедници.

По барање на жените вернички од Исламската заедница во Република Македонија, донесена е и следнава точка во Коминикето:

- Препознаваме дека носењето пропишана верска облека е лично право и не треба да се смета за спротивно или компромитирачко во однос на секуларните принципи на која било држава.

Во мрежата на жените вернички од југоисточна Европа засега членуваат само жени од православна и од исламска вероисповест, меѓутоа во иднина оваа мрежа има за цел да се прошири во Македонија и во неа да се вклучат и жените вернички од католичка, од евангелско-методистичка црква, како и од еврејската заедница, со цел заеднички да го дадеме нашиот придонес во меѓуверската соработка во Македонија и да помогнеме во решавањето на проблемите од социјален карактер коишто ни се од заеднички интерес.

**Подготвила: Фатиме Бешири**

**Претставник на ИВЗ од Македонија во ВОФН**

# РАЗМЕНА НА ПРЕДАВАЊА ПОМЕЃУ ДВАТА ТЕОЛОШКИ ФАКУЛТЕТИ

**Позитивните искуства од минатата година помеѓу двата теолошки факултети во поглед на разменските предавања и продлабочувањето на знаењата едни за други, беше поттик за продолжување на соработката помеѓу нив и во оваа година.**

Студентите од двата факултети покажаа интерес за запознавање со религијата на другиот.



Првиот циклус предавања во оваа година започна со предавањето на професорот д-р Јован Белчовски, декан на Богословскиот факултет, кој на темата "Ширењето на христијанството во Македонија" им се обрати на студентите од Факултетот за исламски науки. На предавањето учествуваа студентите од IV година.

Возвратно предавање на Богословскиот факултет на темата "Ширењето на исламот во Македонија" одржа деканот на Факултетот за исламски науки д-р Исмаил Бардхи. Предавањата на двата декани беа срдечно дочекани од студентите.

## Хазан Ави Козма одржа предавање на двата теолошки факултети

На 23.11.2005 г. на Факултетот за исламски науки, претставникот на Еврејската верска заедница во РМ, Ави Козма, одржа предавање на тема "Холокауст" - најголемиот геноцид што го помни човештвото.

Општо познато е значењето и болните спомени коишто ги има еврејскиот народ за овој дел од историјата. Тоа е период на владеење на еден тоталитаристички режим којшто применувал насилен социјален инженеринг. Во почетокот на 30-тите години на 20-тиот век, Хитлер донесува резолуција за чистење на општеството, односно создавање една нова нација, при што еврејското население е маркирано како народ којшто не е доволно добар да продолжи да постои. Изработен е детален план за целосно уништување на еврејското население. Ави Козма на предавањето ги посочи "Ноќта на долги ножеви" и "Кристалната ноќ", ноќи кога евреите се масовно носени во концентрациските логори.

Студентите на Факултетот за исламски науки имаа можност да се запознаат со мотивите, настаните и начините на коишто се извршени злосторствата во периодот на тие страшни години, времетраењето на Холокаустот.

Целото предавање беше поткрепено со фактографски податоци, точни цифри и беа прикажани слики од концентарциските логори



претворени во музеи во знак на почит кон настрадените и нивните семејства. Интересно беше и тоа што Ави Козма пренесе и некои настани, раскажани од преживеани жртви од концентрациоските логори, луѓе што го преживеале тој терор и се свидетели на сето она што се случувало во тој период.

Предавањето не потсети за значењето на демократското општество, во кое доаѓаат до израз различностите на сите сегменти на тоа општество и се почитуваат сите специфики. На 07.12.2005 година беше одржано предавање на истата тема и на Богословскиот факултет.

**Подготвила:**
**Наталија Мартиновска**

# Посета на верски објекти во Сараево

**Во периодот од 18 до 20 декември 2005 година, студентите од Богословскиот факултет и Факултетот за исламски науки, како и претставници од Католичката црква и Евангелско-методистичката црква во Македонија имаа можност да ги посетат верските објекти во Сараево, Босне и Херцеговина**

Целта на оваа посета беше студентите од теолошките факултети и активистите на црквите и верските заедници подобро да се запознаат со традицијата, културата и религијата на другите за да се постигне зголемување на нивната меѓусебна доверба како и збогатување на нивните досегашни искуства на оваа тема.

Во Сараево беше предвидено да се посети Соборниот храм посветен на Пресвета Богородица, кој е еден од најголемите православни храмови на Балканот, граден од 1863 до 1868 година од познатиот македонски мајстор Анреј Дамјановски Зографски од Велес со својата тајфа; потоа Старата православна црква која е една од најстарите сакрални објекти на просторот на Босна и Херцеговина, потоа Гази Хусревата Бегова џамија (1530) е најзначајната исламска градба во Босна и Херцеговина, која со својата архитектура, разиграна основа и повеќекуполен систем, како и смелото конструктивно решение се издвојува од сите поткуполни џамии градени во Босна.

Исто така беше планирана и посета на Католичката катедрала, Синагогата во Сараево, Музејот на Еврејската заедница, Гази Хусревата библиотека, Здружението на граѓани за меѓурелигиска миротворна работа Абрахам, Хуманитарната организација "Помош од евангелските цркви од Швајцарија"-ХЕКС, како и двата теолошки факултета: Факултетот за исламски науки и Врхобосанската католичка теологија.

Бидејќи во посетата свое учество дава и деканот на Богословскиот факултет, проф. др. Јован Белчовски предвидена е средба помеѓу него и деканот на Исламскиот факултет, проф. др. Енес Карич, како и со деканот на Врхобосанската католичка теологија, проф. др. Јосипович.

Посетителите најпрво го посетија Меѓурелигискиот совет на Босна и Херцеговина, при што се запознаа со начинот на уредување и активностите на оваа организација, како и досегашните проекти на Меѓурелигискиот совет. На сите претставници од Македонија им беше подарена по една книга за верските обичаи на муслиманите, православните, католиците и евреите во Босна и Херцеговина. Книгата е напишана од претставнички на мрежата на жени во Босна при Светската конференција на религиите за мир, а како издавач се јавува токму Меѓурелигискиот совет на Босна и Херцеговина.

Воедно беше остварена и посета на здружението на граѓани за меѓурелигиска, миротворна работа „Абрахам". Посетителите од Македонија се запознаа со членовите и акти-

вностите на ова здружение, кое е формирано во 1998 година и работи на развивање на меѓурелигискиот дијалог во Босна и Херцеговина. Моментален проект на ова здружение е подготвување на учебник по веронаука за основно и средно училиште под наслов „Култура на религиите" кој треба да биде корисен во образовниот систем на Босна и Херцеговина. Бидејќи како донатор на ова здружение се јавува хуманитарната организација „Помош од евангелските цркви од Швајцарија-ХЕКС" во просториите на „Абрахам" бевме запознаени и со работата и начинот на делување и на оваа хуманитарна организација од нејзиниот програмски координатор за Босна и Херцеговина, господин Самир Беглеровиќ.

При посетата на Факултетот за исламски науки во Сараево, претставниците од Македонија се запознаа со начинот на студирање на овој факултет и предметите кои се изучуваат, како и со студентскиот весник кој се издава еднаш месечно. Примероци од овој весник им беа доделени на студентите од Богословскиот и Факултетот за исламски науки во Скопје.

При оваа посета, деканот на Богословскиот факултет, проф. д-р. Јован Белчовски, како и господинот Несип Демири, претставник од ФИН од Скопје остварија средба со деканот на овој факултет, д-р. Енес Карич.

На посетата беа разменети позитивни искуства, беше објаснет начинот на финансирање на Факултетот за исламски науки во Сараево од страна на министерството за образование во БиХ, а исто така беше направен вербален договор за размена на литература помеѓу овој факултет и Богословскиот, како и Исламскиот факултет во Скопје.

За време на посетата на Католичкиот врхбосански факултет сите учесници во посетата беа љубезно пречекани од страна на деканот на овој факултет, проф. д-р. Јосипович, како и од неговите блиски соработници. Ни беа претставени просториите на овој факултет, библиотеката, историјата на факултетот и начинот на студирање. Деканот подари голем дел од теолошка литература на Богословскиот факултет и Факултетот за исламски науки во Скопје.

Беше посетена и Гази Хусревата библиотека во која се чуваат 10.000 рачно напишани книги на арапски, турски и персиски јазик. Посетителите од Македонија можеа да видат дел од овие стари ракописи и да се запознаат со нивниот историјат.

Верски објекти кои беа посетени за време на посетата во Сараево се следниве: Гази Хусревата Бегова џамија, Старата црква во Сараево и музејот при истата, Соборната црква посветена на Раѓањето на Пресвета Богородица, Катедралата и Синагогата во Сараево. Во сите објекти учесниците на оваа посета се запознаа со историјатот на истите, вредноста на орнаментите кои се чуваат во нив, како и со верските обреди кои се одржуваат.

**Подготвила: Анета Јовковска**

# ПОСЕТА НА ТЕОЛОШКИТЕ ФАКУЛТЕТИ ВО МАКЕДОНИЈА

**Во рамките на проектот "Посета на теолошките факултети" на 12/13.12. 2005 година се одржа посета на двата теолошки факултети и на Католичката црква во Македонија**

Гости посетители беа вкупно дваесет претставници од Факултетот за исламски науки од Косово, како и четири претставника од Католичката црква во Косово.

Целта на проектот "Посета на теолошките факултети" беше да се разменат (споделат)



искуства на меѓурелигиски дијалог на регионално ниво преку заеднички посети, размена на меѓусебно знаење и промоција на добра волја и дијалог.

При посетата на Факултетот за исламски науки, тие беа срдечно пречекани од деканот, г. Исмаил Бардхи, кој ги поздрави присутните и им се обрати говорејќи за значајноста на меѓуверскиот дијалог. Потоа тој ги замоли деканот на Факултетот за исламски науки од Косово, г. Ќемаил Морина, претставникот на Католичката црква од Косово, Дон Павел, како и претставникот од Норвешката црковна помош, г. Франсоа Перез, да кажат неколку збора за значајноста на меѓуверскиот дијалог, а потоа следуваа низа прашања коишто беа упатени до нив од студентите од Македонија и од Косово.

Веднаш по нивното излагање, следуваше коктел, на кој студентите од двата факултети имаа можност меѓусебно да се запознаат. Студентите и професорите, како и претставниците на Католичка црква од Косово имаа можност да се запознаат со студентите од двата теолошки факултети од Македонија, да дискутираат за најразлични прашања, како и да ги разменат контакт-податоците заради понатамошна соработка и пријателства.

Веднаш по посетата на овој факултет, гостите се упатија кон Католичката црква, каде што беа пречекани од монсињор Антун Циримотиќ. Тој го објасни учењето на католицизмот, а студентите имаа можност да му поставуваат најразлични прашања. Потоа посетителите се упатија и до хуманитарната организација на Католичката црква – Македонскиот каритас, каде што им беше објаснета улогата на Каритас, неговата распространетост во светски размери, а веднаш потоа вработените од Каритас ги воведоа во нивната секојдневна работа, објаснувајќи ги активностите коишто ги спроведуваат.

Вториот ден гостите го посетија Богословскиот факултет, каде што беа пречекани од деканот, г. Јован Белчовски и од студентите од факултетот. Деканот им посака добредојде на гостите, а веднаш потоа започна и предавањето од претставникот на Католичката црква од Македонија, монсињор Антун Циримотиќ, кој говореше за екуменизмот, дијалогот и толеранцијата. По предавањето следеуваа низа прашања од присутните. Веднаш потоа се обрати деканот на Факултетот за исламски науки од Косово, г. Ќемаил Морина, кој истакна дека смета дека ваквите посети помеѓу теолошките факултети се навистина значајни, како и во поглед на размена на искуствата и знаењата, така и во поглед на величењето



на меѓуверскиот дијалог. Тој истакна дека е восхитен од она што се случува во Македонија на полето на меѓуверскиот дијалог, а исто така и покажа интерес и за оргнизирање ваква посета и на Косово.

**Подготвила: Дервиша Хаџиќ-Рахиќ**

# КАТОЛИЧКАТА ЦРКВА ВО МАКЕДОНИЈА ДОБИ НОВ ПОГЛАВАР

**Во својот говор новиот епископ се осврна на својот слоган: "Ut unum sint" – "Да бидеме едно", каде што ја искажа својата подготвеност да работи на единство меѓу католиците и на единство со другите христијански цркви, како и да работи на полето на меѓурелигискиот дијалог којшто е од голема важност во земја каква што е Македонија.**

На ден 06.11.2005 во катедралата „Пресвето срце Исусово" во Скопје се изврши интронизацијата на неговото преосвештенство монс. д-р Киро Стојанов за нов бискуп на Скопска бискупија и апостолски егзарх за католиците од византиски обред во Македонија.
На овој свечен чин присуствуваа повеќе високи црковни достоинственици: неговата



еминенција Винко Кардинал Пулиќ, митрополит – врхбосански и надбискуп сараевски, којшто исто така одржа пригодна хомилија во којашто го охрабри новиот бискуп и апостолски егзарх секогаш да се бори за вистината и за човековите права. Присутен исто така беше и неговото високопреосвештенство монс. Сантос Абрил и Кастело, апостолски нунциј во Македонија, којшто го изврши свечениот чин на примопредавање и ги пренесе поздравите и апостолскиот благослов на неговата светост Папата Бенедикт XVI. Меѓу присутните беа исто така и Станислав Хочевар, надбискуп белградски и претседател на меѓународната бискупска конференција Св. Кирил и Методиј, Христо Пројков, егзарх софиски, Славомир Миклowш, епископ крижевачки, Јанош Пензеш, бискуп суботички, Илија Јаниќ, бискуп которски, Марко Сопи, администратор призренски, Ѓуро Џуџар, апостолски егзарх во СЦГ, Ѓуро Гашпаровиќ, помошен бискуп ѓаковачки и викар сремски, голем број свештеници и монахињи од земјава и од странство. Своє учество зедоа и претседателот на Република Македонија, г. Бранко Црвенковски, претседателот на Собранието, проф. д-р Љупчо Јордановски, претседателот на Комисијата за односи со верските заедници, проф. д-р Цане Мојаноски, градоначалникот на град Скопје, г. Трифун Костовски и претставници на дипломатскиот кор во Македонија. Свои претставници имаа и МПЦ, ИВЗ, ЕМЦ и ЕЗРМ. Секако, голем беше и бројот на верниците кои дојдоа да ја искажат својата поврзаност со својот нов пастир.
Во својот говор новиот епископ се осврна на својот слоган: „Ut unum sint" – „Да бидеме едно", каде што ја искажа својата подготвеност да работи на единство меѓу католиците и на единство со другите христијански цркви, како и да работи на полето на меѓурелигискиот дијалог којшто е од голема важност во земја каква што е Македонија.
Чинот на свеченото назначување за апостолски егзарх за католиците од византиски обред во Македонија се изврши во новата катедрала "Успение на Пресвета Богородица" во Струмица, исто така во присуство на повеќе црковни великодостојници, претставници од државната и од локалната власт, преставници од другите цркви и верски заедници, се разбира и голем број верници од сите католички енории во Р. М. Во преполнетата катедрала, надбискупот Станислав Хочевар во својата хомилија ја искажа важноста на епископот, како пастир на своето стадо, којштo треба да го води повереното му стадо. Исто така, ја искажа и својата радост што верниците добија еден млад епископ, тоа е знак дека Католичката црква во Македонија е жива и витална, дека има сили да се соочи со сите предизвици во нашево време.
Новиот епископ е роден на 9 април 1959 год. во Радово – Струмичко. Основно образование завршува во родниот крај, а средно во Рим и во Суботица од каде што по матурата покојниот бискуп Јоаким Хербут го праќа на студии во Рим, каде што завршува филозовско-теолошки студии, а во 1989 година докторира по канонско право. На 6 април 1986 год. е ракоположен за свештеник во родното Радово. Од 1989 до 1994 година престојува во Загреб извршувајќи ги должностите на духовник во семинаријата, бискупов секретар и канцелар на Крижевската епархија. За парох во родното место е именуван кон крајот на 1994 год., каде што останува парох сè до своето именување за помошен епископ скопски во 1999 година.
Одлуката на неговата светост Папата Бенедикт XVI за именувањето на епископот Стојанов за нов скопски бискуп и апостолски егзарх е од голема важност за верниците католици. По период од 104 години и по последниот македонски католички епископ Епифание Шанов, Католичката црква во Македонија повторно ја води епископ – Македонец. Овој чин на папата е важен за цела Македонија, бидејќи ја покажува поврзаноста на Светата столица со Македонија како земја каде што христијанството е застапено уште од самите почетоци, земја каде што има бискупија, скопската, која датира уште од 4 век, земја од којашто потекнуваат светите браќа Кирил и Методиј и многу други светители, земја од каде што потекнува големата Блажена Мајка Тереза.
Нека Господ Бог на новиот епископ му ги подели сите благодети и милости за да може да го води повереното му стадо по Христовиот пат.

**Подготвил: Спасе Спасов**

# ИЗБРАН Е НОВ ЕПИСКОП НА ЕМЦ ЗА СРЕДНА И ЈУЖНА ЕВРОПА

**Централната конференција на ЕМЦ за Средна и Јужна Европа се оддржа од 13 до17 април 2005 година во Берн, Швајцарија**

На 15.04.2005 г., за време на одржувањето на ЦК, се изврши избор на нов епископ на ЕМЦ за Средна и Јужна Европа.
Со огромно мнозинство, по вториот круг од гласањето,з а нов епископ беше избран докторот по теологија, Патрик Штрајф. Роден е во 1955 година. По потекло е од Швајцарија. Оженет е и има четири деца. Во 1983 година докторира на Теолошкиот факултет на Универзитетот во Берн, а во 1984 година бил ординиран за старешина на ЕМЦ во Швајцарија. Од 1992 година, покрај својата проповедничка служба, како старешина на ЕМЦ во Швајцарија, беше и вонреден професор на Теолошкиот факултет на Универзитетот во Лозана. Има напишано повеќе книги за историјата на ЕМЦ.



Ординирањето за епископ се одржа на 17.04. 2005 година, во Бернер Минстер - Катедрална црква во Берн. Ракополагање на д-р Патрик Штрајф за епископ, со полагање рака над него, извршија: епископ Петер Вевер - претседател на Епископскиот совет на ЕМЦ, досегашниот епископ Хајнрих Болетер, епископот на ЕМЦ Германија г-ѓа Розмари Венер и пастор Томас Випф, претседател на Советот на евангелските цркви во Швајцарија. Д-р Патрик Штрајф своето служење како епископ на ЕМЦ за Средна и Јужна Европа ќе го започне на 01.05.2006 година. Нека Бог го води во новата служба на полето Господово!
Кон Централната конференција за Средна и Јужна Европа припаѓаат следните држави: Швајцарија, Франција, Австрија, Полска, Чешка, Словачка, Унгарија, Хрватска, Србија и Црна Гора, Македонија, Бугарија, Романија, Албанија и Алжир во Африка.

**Подготвил: Михаил Цеков**
**Старешина на ЕМЦ**

# Денес ви се роди Спасител!

Небесните вестители беа исполнети со голема радост. Ним им се довери голема задача, имено да ја објават најголемата, најважната, најрадосната вест за оваа земја: „Денес ви се роди Спасител!" Дали некој може да ја измери големината на таа вест? „Денес ви се роди Избавител!" Преку тој Избавител, Бог ја подаде својата избавителна рака за да нѐ извлече од пропаста и да нѐ доведе до брегот на животот, на радоста, на мирот и да нѐ воведе во Својот вечен дом.

Многу критичари со задоволство се трудат да докажат дека Исус не е историска личност. Во Ев. по Лука, 2 глава пишува: "А кога се роди Исус во Витлеем во дните на цар Ирод, излезе заповед од кесарот Август за попис на сите жители..." Ако тие лица се познати во историјата, тогаш и Христос е познат, но разликата е во тоа дека Христовото царство не е од овој свет како нивното.

Кој е вистинскиот датум за да го славиме родениот ден (Божиќ )на Господ Исус Христос: 25 декември, 1 јануари, или 7 јануари? Христос не се роди три пати. Тоа на сите ни е јасно. Важно е дека Тој се роди. Родениот ден на Христа - Божиќ е доказ дека Исус е жив. Никој не слави роденден на умрените. Центарот на нашето внимание е едно дете. За тоа дете се зборувало многу одамна пред да се роди. Пророк Исаија во 9 : 6 вели: "Младенец ни се роди - Син ни се даде; власта е на рамењата негови, и ќе го наречат Советник, Чудесни, Бог силен, Отец вечен, Кнез на мирот..."

Радувај се и ти кој ги читаш овие редови: бидејќи само тоа Дете ја донесе вистинската радост на безрадосната земја, вистинскиот мир на немирната земја, вистинската љубов во сред омразата, вистинска светлина сред темнина и вечен живот сред смртта.

Тоа дете е совршен советник. Не преземај ништо во животот за себе, без да се советуваш со Него!

**Евангелско-методистичката црква на граѓаните на Република Македонија им ја честита новата година и раѓањето на Господ Исус Христос, со песната од ангелите: "Слава на Бога во височините, а на земјата мир и меѓу луѓето добра волја!"**

**Подготвила: Милица Попризова**

# ПОСТАВЕН КАМЕН-ТЕМЕЛНИКОТ НА МЕМОРИЈАЛНИОТ ЦЕНТАР НА ХОЛОКАУСТОТ НА ЕВРЕИТЕ (02.09.2005 година)

**Меморијалниот центар ќе остварува долготрајна мисија во презентирање, едуцирање и истражување поврзано со мултиетничкото општество, со јасна порака за елиминирање секаква нетрпеливост, шовинизам и антисемитизам со јасна порака за градење општество во коешто етничката и верската разновидност се едно цивилизациско богатство и основа за развој.**

На 2 септември 2005 година, во присаство на Еврејската заедница во Р. Македонија, државниот врв на Р. Македонија, претставниците од соседните еврејски заедници, официјални претставници на државата Израел, амбасадорката на Израел во Македонија, дипломатскиот кор, претставници од светските еврејски асоцијации и голем број граѓани на Скопје и Македонија, беше поставен камен-темелник во старото еврејско маало во Скопје (Старата автобуска станица) за новиот Меморијален центар на холокаустот на евреите од Македонија.



Целата церемонија беше свечена и организирана на највисоко ниво. Со поздравните говори на претседателот на Фондот на холокаустот, преимиерот на Р. Македонија, претседателот на ЕЗРМ, претставник на државата Изреал, амбасадорката на Израел, со пригодна програма на камерниот хор на ЕЗРМ "Моис Хасон", а потоа и со верскиот дел предводен од рабинот во Македонија, се посвети и постави камен-темелникот, со кој се означи започнување на нешто многу значјно и важно како за нашата заедница, така и за целото наше општество.

Оваа локација е избрана поради тоа што таа со себе носи дел од историјата, порака и традиција. Еврејското маало во Скопје уште од 15 век се наоѓало на левата страна на реката Вардар, но со депортацијата на евреите на 11.03.1943 г. тој дел од нашето Скопје згасна, па оттаму е јасната симболика на Меморијалниот центар да се постави токму тука, каде и што припаѓа.

Меморијалниот центар од идеја прерасна во јаве и реалност по донесувањето на Законот за денационализација којшто е и правна основа за Фондот на холокаустот на евреите од Македонија (ФХЕМ) основан на 23 април 2002 година, со одлука на Владата на Република Македонија.

Меморијалниот центар ќе остварува долготрајна мисија во презентирање, едуцирање и истражување поврзано со мултиетничкото општество, со јасна порака за елиминирање секаква нетрпеливост, шовинизам и



антисемитизам со јасна порака за градење општество во коешто етничката и верската разновидност се едно цивилизациско богатство и основа за развој.

Меморијалниот центар е поделен на 4 (четири) функционални делови, кои се врзуваат со случувањата што претходеле на трагичната ноќ спроти депортирањето на евреите од Македонија во логорот на смртта - Треблинка.

1 дел: Главен влез со повеќенаменска сала и постојана изложбена поставка, како вовед во настаните проследено со документациски материјали и имиња на жртвите.

2 дел: Врзување на меморијата со топосот на Давидовата улица во мирнодопските услови, потоа мачните исчекувања, кобната ноќ и молкот; кусиот престој во скопскиот Монопол и транспортот до логорот на смртта. Во овој дел ќе бидат изложбено презентирани историјата и културата на евреите од Македонија, преку археолошки, етнолошки и друг вид музејски експонати.

3 дел: Народот е неуништлива категорија! Преживеаните од еврејската заедница во Р. Македонија со голем оптимизам и огромна волја се вклучија во отпорот сѐ до победата над злото. Третиот дел, сместен на третото ниво, е простор на истражување и научни анализи и едукација.

4 дел: Службен влез со простории за администрацијата и за општа намена.

**Подготвил:**
**Ави М. Козма Хазан**
**Еврејска заедница во Р. Македонија**

**ПОИМНИК:**

**Божиќ (Рождество Христово)** католиците од западен обред го празнуваа на 25.12.2005 година. Божиќ (Рождество Христово) претставува празнување на раѓањето Исуса Христа од Дева Марија во Витлеемската пештера.

**Божик (Рождество Христово)** православните, католиците од источен обред и верните од евангелско-методистичката црква го празнуваат на 07.01.2006 година. Се празнува раѓањето на нашиот Спасител, Богочовекот Господ Исус Христос. Луѓето се поздравуваат со "Христос се роди" и си отпоздравуваат со "Навистина се роди".

**Курбан Бајрам** еден од двата најголеми исламски празници кој се празнува од 10-13.01.2006 година. На овој ден муслиманите кои имаат материјална можост жртвуваат курбан во името на Алах џ.ш.

**Ханука** е еврејски празник, кој трае и се празнува 8 дена во спомен на ослободителната борба на евреите и посветување на Храмот пред 2169 години. Оваа година Ханука се празнува со почеток на 01.01.2006-02.01.2006 година.

**Во овој број се објаснети поважните празници на верските заедници кои се празнуваат во овој период, а податоците за нив се превземени од меѓуверскиот календар за 2006 година.**

## Двомесечна информативна публикација Билтен за меѓурелигиска соработка

Издавач: Македонски центар за меѓународна соработка (МЦМС); Македонска православна црква (МПЦ), Исламска заедница во Р. Македонија (ИЗ), Католичка црква (КЦ), Еврејска заедница во Р. Македонија (ЕЗ), Евангелско-методистичка црква (ЕМЦ).

Издавачки совет: Александар Кржаловски (МЦМС), Ѓоко Ѓорѓевски (МПЦ), Метин Изети (ИЗ), Дон Мато Јаковиќ (КЦ), Ави Козма (ЕЗРМ), Милица Попризова (ЕМЦ).
Главен и одговорен уредник: Александар Кржаловски
Лектура: Даниел Медароски
Дизајн: Кома,
тираж: 500 примероци
Печати : Боро графика
Финансирано од Норвешката и Данската црковна помош.

Рег бр. 02-161/2

## Регистрирани верски заедници и религиозни групи во Македонија

1. **Македонска православна црква**
   Бул. „Партизански одреди", 12, Скопје
2. **Исламска верска заедница**
   Ул.„Чаирска" 52, Скопје,
3. **Католичка црква**
   Ул. „Ристо Шишков"31, Скопје,
4. **Еврејска верска заедница во РМ**
   Ул. „Борка Талески"24, Скопје
5. **Евангелско-методистичка црква во РМ**
   Ул. „Дебарце" 9, Скопје
6. **Христијанска адвентистичка црква (Црква на адвентистите на Седмиот ден)**
7. **Христијанска адвентистичка црква во РМ**
8. **Баптистичка црква „Радосна вест" во РМ**
9. **Еховини сведоци - христијанска верска заедница**
10. **Евангелско-конгрешанска црква**
11. **Света столица и круна на Исламска еренлерска тариканска верска заедница во Македонија**
12. **Новоапостолска црквава во македонија**
13. **Сатја Саи центар**
14. **Евангелска црква во РМ**
15. **Ваишнавска верска заедница**
17. **Прахристијанска заедница-"Универзален живот"**
18. **Црква Божја во РМ**
19. **Христијанска религиозна група Нова надеж**
20. **Бекташиска заедница во РМ**
21. **Христијанска црква "Слово на надеж"**
22. **Христијанска црква Божји глас**
23. **Меѓународна црква на Христос Скопје**
24. **Независна Христова црква**
25. **Христијанска црква "Блага вест„**
26. **Обединета библиска црква - Библиски центар**

